Бр./Nr 12-2030/3
15-11-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10-та седница одржана на ден 08.11.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2030/1 од 30.08.2024 година, со наводи против Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура ----------------, поради необезбедување на јавност и достапност до определена одлука, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што по однос на наводите во пријавата друг орган е надлежен да постапува.

Предметот со број 12-2030/1 од 30.08.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 30.08.2024 година, до ДКСК е доставена пријава со број 12-2030/1 против Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура -------------, во која се изнесени наводи за повреда на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во врска со доставување на определена одлука.

Имено, подносителот наведува дека на 17.07.2024 година доставил Барање до ЈП за комунални дејности и инфраструктура, за доставување на Одлука со која се забранува погреб во постоечките гробови на граѓани иматели на гробови во постоечките гробни места во градските гробишта, донесена од Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура ----------------, како управител со градските гробишта во --------------. Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура ----------------- на барањата

доставени од страна на подносителот се произнел дека нема посебни надлежности над старите градски гробишта и не врши ексхумација на покојните од старите градски гробишта. Се бара од ДКСК да постапува во конкретниот случај и да ја обезбеди Одлуката со која се забранува погреб во постоечките гробови на граѓани имателите на гробови во постоечките гробни места во градските гробишта.

По разгледување на наводите во пријавата и приложената документација, ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, наводите во пријавата се однесуваат на прашања кои не се во надлежност на ДКСК и за истите друг орган е надлежен да постапува.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk